09.01

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен 13, 2310 Виница, Р. С. Македонија
тел/факс: +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
str. Bel Kamen 13, 2310 Vinica, R.N.Macedonia
phone/fax +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Бр.09 - 1126
25.12.2023 год.
ВИНИЦА

Јавно претпријатие за комунални работи "СОЛИДАРНОСТ" Ц.О. ВИНИЦА

| Примено: 09.01.2024 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 02 | 13 | | |

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 26-та седница одржана на ден 25.12.2023 година, донесе:

# ОДЛУКА
## За давање Согласност на Програма за работа на ЈП за комунални работи „Солидарност“ - Виница за 2024 година со Финансов план

Член 1

Се дава Согласност на Програмата за работа на ЈП за комунални работи „Солидарност“-Виница за 2024 година со Финансов план.

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓоргиевски

ЈП“СОЛИДАРНОСТ“-ВИНИЦА
Бр. 02-1018/3
18.12.2023 год.

Арх. знак
Рок на чување
20
Потпис

Врз основа на член 19 од Статутот на ЈП“Солидарност“-Виница, Управниот одбор на ЈП“Солидарност“-Виница на седницата одржана на ден 28.12.2023година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За усвојување порогамата за работа**
**за 2024 година на ЈП Солидарност со финансов план - Виница**

**чл.1**

Се усвојува програмата за работа на ЈП Солидарност -Виница со финансов план за 2024 година.

Управен одбор
Претседател
Александра Давиткова

Јавно претпријатие за комунални работи „СОЛИДАРНОСТ“ Виница

Јавно претпријатие за комунални работи "СОЛИДАРНОСТ" с.о.
Бр. 01-1008
15.12.2024
ВИНИЦА

ЈП"СОЛИДАРНОСТ"ВИНИЦА
ТЕЛ: 033 363-125 ФАХ:033 361-478 E-mail: jkpvinica@jpsolidarnost.mk

0102
15.12.2023

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈП СОЛИДАРНОСТ ВИНИЦА ЗА 2024 ГОДИНА СО ФИНАНСОВ ПЛАН

**Виница, Декември 2023 год.**

Во делот на **Водоснабдување и одржување на водоснабдителните и канализационите системи во Општина Виница** како претежна дејност се планираат следните активности:

- Тековно одржување на водоводната и канализационата инфраструктура во градот Виница и следните населени места: Истибања, Јакимово, Калиманци (маалата „Драка" и „Висока"), Трсино, Трстија, Грлани, Пеклани, Крушево, Драгобраште (малата „Чукарлии", „Мирмарци" и „Криворамци", Липец, Лаки и Лески.

- Тековно одржување на електромашинската опрема и опремата за комплетна автоматизација и компјутеризација на технолошкиот процес на преработка на вода за пиење, набавка на потребните реагенси (алуминиум сулфат, хидрантна вар, полиелектролит, натриум хипохлорид, гасен хлор), редовно чистење на површинскиот захват над село Градец и на доводните цевководи. Испирање на градската водоводна мрежа согласно Правилникот за безбедност на водата за пиење.

- Преспојување на реконструираните водоводни линии со постоечките како и преспојување на корисниците од постоечките на реконструираните, на следните улици во градот: Кочо Рацин, Раде Кратовче, Пролетерска и Плачковички одред.

- Реконструкција на дел од улица „Пиринска" во должина од 489 метри и профил Ф 110 мм.

- Реконструкција на улица „Ванчо Прке" во должина од 484 метри и профил Ф 90 мм.
- Надворешна водоводна линија на улица „Илинденска" (пат за Кочани) во должина од 493 метри и профил Ф 90 мм.

- Надворешна водоводна линија на улица „ 8 - ми Септември".

- Надворешна водоводна линија на улица „Видое Смилевски - Бато" во должина од 250 метри и профил Ф 90 мм.

- Активно учество во реконструкцијата на дел од потисниот цевковод на улица „Иво Лола Рибар".

- Изработка на спoеви на улица „Гоце Делчев" и пуштање во функција на реконструираната линија.

- Изведување на друга водоводна и канализациона мрежа согласно урбанистичките планови на градот и селските населби и Програмата на ЕЛС Виница.

- Спојување на водоводната мрежа од село Крушево со село Драгобраште.

- Соработка со Санитарниот инспектор околу исправноста на водата за пиење на територијата на градот Виница.

- Изградба на захват и доводен цевковод на Виничка река за наводнување на градскиот парк.

- Поставување на манометри на главните водоводни линии заради евидентирање на притисокот во градската мрежа и замена на дотраените затварачи.

- Набавка и поставување на фото електрични панели со потребна автоматика за хлорирање на селските водоводи каде нема приклучок на електрична енергија и каде што не се вградени.

- Набавка и поставување на дозир пумпи за хлор во населените места каде што има приклучок на струја и каде што не се вградени.

- Поставување на мерачи за проток и регулатори на притисок на главните водоводни линии.

- Активно учество во изработката на скада системот за следење на водоснабдителниот систем на градот Виница

- Ажурирање графички и нумерички податоци за водоводната и канализациона мрежа, врз геодетски и урбанистчки подлоги, односно компјутерска изработка на подземен катастар и формирање база на податоци корисни за потребите на претпријатието.

- Монтажа на водомери добиени од проектот преку МЖС и ПП.

- Санирање на каптажите на водоснабдителните системи во селата Крушево, Пеклани, Лески и Трсино.

- Изведување на водоводна мрежа согласно урбанистичките планови на градот и селските населби и програмата на ЕЛС Виница.

Во делот на **Одведување на урбаните отпадни води**, програмска определба во 2024 год. ќе биде довршување на отпочнати објекти и изградба на нови канализациони линии каде што ќе има потреба. Во наредната 2024 год. ќе се изведуваат следните канализациони линии:

- Довршување на надворешната фекална канализација ул. „М.Тито“ - пат за с. Јакимово

  - Должина: 345 м.
  - Пречник на цевките: Ф 250 мм

- Надворешна фекална канализација под археолошки локалитет „Кале“

  - Должина: 406 м.
  - Пречник на цевките: Ф 200 мм

- Надворешна фекална канализација во с. Градец (јужниот дел од селото)

  - Должина: 265 м.
  - Пречник на цевките: Ф 200 мм

- Надворешна фекална канализација во с. Пеклани (на влезот во селото)

- Должина: 200 м.
- Пречник на цевките: Ф 200 мм

- Реконструкција на дел од улица „В. Прке“

- Должина: 140 м.
- Пречник на цевките: Ф 200 мм

- Санирање на постоечки ревизиони шахти од јавната фекална канализација во Градот и општината:

- Број на предвидени шахти за санација: 20

- Завршување на канализација во с. Трсино

- Во делот на собирање и одведување на отпадни урбани води, во тек е изработка на техничка документација за секундарните колектори за селата Истибања, Јакимово и Лески, како и за главниот колектор од Виница до Станицата за прочистување на отпадни води (СПОВ) во с. Мојанци, Општина Кочани. ЈП „Солидарност“ Виница активно е вклучено со сите свои расположиви човечки и други ресурси и тоа ќе биде една од главните активности во 2024 година.

- Ажурирање графички и нумерички податоци за водоводната и канализациона мрежа, врз геодетски и урбанистички подлоги, односно компјутерска изработка на подземен катастар и формирање база на податоци корисни за потребите на претпријатието.

Реализацијата на горенаведените објекти и активности од областа на водоснабдувањето и одведувањето на урбаните отпадни води,ќе зависи пред се од степенот на обезбеденост на финансиски средства како од локално ниво исто така и од државни и меѓународни финансиски извори.

Во делот на **Комуналната хигиена**, во 2024 година ќе има многу промени во однос на досегашното собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот отпад на територија на Општина Виница.

Имено, започна затварањето на Грдаската депонија кај с. Лески во рамките на проектот за изградба на Центар за управување со отпад регионална депонија во Свети Николе. Собирањето на отпадот од наша страна ќе се врши двапати неделно во градот Виница и с. Јакимово, еднаш неделно во сите останати населени места каде ја вршиме дејноста: Градец, Лески, Истибања, Црн Камен, Драгобраште, Трсино, Трстија, Пеклани, Крушево, Липец и Лески. Во с. Блатец собирањето го врши ЈП Кале Блатец а од наша страна само се врши транспортирање и депонирање на отпадот, согласно Одлука на Советот на Општина Виница.

Во првите 3 месеци од 2024 година отпадот ќе се складира на нашата депонија, во најдолните делови и на ограничен процтор, а кога целосно ќе се затвори тогаш ние отпадот ќе го носеме на депонијата во Кочани, како што е предвидено со Проектот за ЦУО. За обавување на таа работа ќе ни се зголемат транспортните трошоци, како и трошоци за депонирање на отпадот на депонијата во Кочани, бидејќи треба да плаќаме на КЈП Водовод Кочани. После изградбата на Регионалната депонија во Свети Николе и

претоварната станица кај м.в. Превалец, ние отпадот ќе го носеме во претоварната станица.

Во 2024 година очекуваме да се добие нов камион за собирање на отпад преку проектот на УНДП, а има најава и за донација од наши граѓани кои живеат во странство, па се надеваме дека ќе го обновеме возниот парк и ќе се намалат проблемите со собирањето на отпадот.

Се планира и набавка на возило за метење на јавните површини, со што во голема мера ќе се зголеми јавната чистота во градот и општината.

Програмата за работа на **Одделениeто одржување на механизација** се базира пред се на потребите од другите одделенија во составот на ЈП „Солидарност“ Виница.

Во делот на машино - браварските и дреарските области, активностите се реализираат тековно и е невозможно да се планираат и проектираат, туку треба да се биде апсолутно спремен, навреме да се реагира за да не трпат во време засегнатите одделенија.

Обновувањето на возниот и машинскиот парк во ЈП „Солидарност“ Виница треба да биде не само програмска определба, туку перманентна грижа за изнаоѓање можности за полесен пристап до извори на финансиски средства, преку определени проекти, заеднички настап на заинтересирани јавни комунални претпријатија преку асоцијцијата АДКОМ до одредени владини финансиски институции.

Една од дејностите а истовремено и програмска определба на ЈП за комунални работи “Солидарност” Виница, помеѓу другото е и **Одржување на православните гробишта** во Виница, кои се простираат на површина од околу 39.000 м$^2$.

Одржувањето на православните градски гробишта опфака активности кои ќе се одвиваат во континуитет и тоа:

1. Редовно ќе се одржува комуналната хигиена во гробиштата.
2. Ќе се врши бетонирање на платоа за гробни парцели и пристапни патеки до самите гробни парцели.

1. Одржувањето на комуналната хигиена ќе се врши преку следните активности:
    - Метење на заедничките прометни површини (патеки, влезови, тротоари) во и околу прволславните гробишта.
    - Собирање на сметот кој што го исфрлаат лицата кои ги посетуваат местата каде се погребани блиските роднини и членови од потесното семејство. Сметот се депонира во канти што се поставени на самите влезови во гробиштата а потоа со возила се депонираат на градската депонија

За зачувување на околината во гробиштата и да се одбегне неконтролирано фрлање на отпадоци на одредени места се поставени метални канти за ѓубре што редовно се празнат.

Во градските гробишта на посебни места оставени за таа намена ќе се врши засадување на цвеќиња кои редовно ќе се окопуваат и наводнуваат.

За наводнување на цвеќињата и живата ограда во гробиштата се поставени пет чешми и истите ќе се користат од граѓаните кои ги посетуваат гробиштата.

Редовно ќе се врши косење на тревата и сечење на диви израснати дрвја, што особено се врши во стариот дел од гробиштата, кроење на живата ограда засадена на источниот дел од гробиштата, како и кроење на трендафилите и други украсни дрвца.

2. За порационално искористување на просторот ќе се врши бетонирање на истиот за максимално искористување на површините предвидени за гробни парцели.

Бетонирањето ќе го вршат наши работници од градежната оператива и тоа ќе се врши по потреба.

Во идната 2024 година се планира делумно оградување на Христијанската гробишта со поцинкувана мрежа од западната страна на гробиштата.

Оградување на новообезбедената парцела на која започнаа да се погребуваат починати лица во 2024 година со комплетна инфраструктура, изградба на патеки помеѓу гробовите, доасфалтирање на пристапната улица, изградба на паркинг простор пред парцелата, уредување на нови цветни површини, како и други активности за оплеменување на новиот дел од Христијанските гробишта.

Се планира и изградба на јавен тоалет во рамките на новата парцела на гробиштата, во зависност од можностите, бидејќи тоа е едно константно барање од жителите на градот Виница.

# ФИНАНСОВ ПЛАН ЗА 2024 ГОДИНА

# НА ЈП „СОЛИДАРНОСТ“ ВИНИЦА

| КОНТО | ОПИС НА КОНТО | НОВ ИЗНОС | ИЗНОС 2023 |
|---|---|---|---|
| 400 | Потрошени материјали | 3.500.000 | 3.500.000 |
| 401 | Потрошено гориво и улје | 2.500.000 | 2.500.000 |
| 402 | Потрошена електрична енергија | 2.500.000 | 3.000.000 |
| 404 | Резервни делови и гуми | 520.000 | 520.000 |
| 411 | ПТТ услуги, телефон, интернет | 250.000 | 250.000 |
| 413 | Одржување на компјутери и софтвер | 250.000 | 250.000 |
| 417 | Рекламни паноа, РТВ, огласи | 80.000 | 80.000 |
| 419 | Анализа на вода | 350.000 | 350.000 |
| 419 | Агенција за времени вработувања | 3.000.000 | 9.000.000 |
| 419 | Други услуги | 300.000 | 500.000 |
| 420 | Бруто плата | 55.000.000 | 45.000.000 |
| 422 | Отпремнини и помош на вработените | 600.000 | 600.000 |
| 422 | Јубилејни награди и К-15 | 2.000.000 | 2.000.000 |
| 430 | Амортизација | 2.800.000 | 2.800.000 |
| 440 | Трошоци за службени патувања | 120.000 | 120.000 |
| 441 | Надомест на трошоци на вработени | 500.000 | 500.000 |
| 442 | Трошоци за членови на УО и НО | 200.000 | 120.000 |
| 443 | Донации и спонзорство | 100.000 | 200.000 |
| 444 | Репрезентација | 200.000 | 200.000 |
| 446 | Банкарски услуги | 300.000 | 300.000 |
| 447 | Данок на имот и членарини | 150.000 | 150.000 |
| 449 | Договор на дело и персонален данок | 1.000.000 | 2.800.000 |
| 449 | Регистрација на возила | 160.000 | 160.000 |
| 449 | Службени списанија,семинари и стручно надградување | 70.000 | 70.000 |
| 449 | Адвокатски услуги | 100.000 | 100.000 |
| 449 | Нотарски услуги | 500.000 | 500.000 |
| 449 | Судски трошоци | 60.000 | 60.000 |
| 449 | Административни трошоци | 30.000 | 30.000 |
| 449 | Надомест за тендер | 300.000 | 300.000 |
| 449 | Здраствени услуги на вработени | 30.000 | 100.000 |
| 455 | Вредносно усогласување | 100.000 | 100.000 |
| 468 | Казни,пенали,штети | 50.000 | 50.000 |
| 474 | Камати | 60.000 | 100.000 |
| 469 | Трошоци за спорови | 100.000 | 200.000 |
| | ВКУПНО | 77.880.000 | 76.510.000 |

| КОНТО | ОПИС НА КОНТО | НОВ ИЗНОС | ИЗНОС 2023 |
|---|---|---|---|
| 74 | Приходи од вода | 25.660.000 | 31.000.000 |
| 74 | Приходи од канализација | 6.500.000 | 5.600.000 |
| 74 | Приходи од собирање на смет | 27.000.000 | 26.000.000 |
| 74 | Приходи од јавна чистота | 3.500.000 | 3.410.000 |
| 74 | Приходи од христијански гробишта | 3.500.000 | 1.000.000 |
| 74 | Приходи од пазар | 1.000.000 | 915.000 |
| 74 | Приходи од градежна група и водоинсталатери | 7.020.000 | 6.500.000 |
| 75 | Приходи од одржување на зеленило | 3.700.000 | 2.085.000 |
| | ***ВКУПНО*** | **77.880.000** | **76.510.000** |
| | | | |

**ЈП „СОЛИДАРНОСТ“ ВИНИЦА**
**ВД ДИРЕКТОР**
**М-р Игор Спасовски**